Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
"СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - Охрид
Бр. 02-383/2
06.10.22 год.

Основно училиште „Св. Климент Охридски“ – Охрид

# ИЗВЕШТАЈ

## за извршената самоевалуација со предлог - мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа

Самоевалуацијата на училиштето почна да се спроведува од почетокот на учебната 2021/22 година, за што Училишниот одбор претходно донесе одлука на својата седница. Формирани се тимови за спроведување на самоевалуацијата. Во текот на процесот на самоевалуацијата дојде до промена на директорот. Новиот директор изврши одредени корекции во тимовите и инсистираше процесот да се изврши согласно стандардите, односно, да се спроведе анкетирање на наставниците, родителите и учениците, а приказ на актуелните состојби по подрачјата да биде реален.

Врз основа на извршената анализа на состојбите утврдени се добри страни во работењето на училиштето, како и недостатоци. Врз основа на тоа донесени се следните предлог – мерки за ефикасно подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа по подрачја.

### 1. Наставни планови и програми

- **Да се воспостави систем на тренсфер на информации во врска со измените во наставните програми во рамките на училиштето по пат на дисеминација;**
- **Да се едуцираат наставниците за планирање на наставата со фокус на значење на планирањето за квалитетот на наставата;**
- **Да се воспостави пракса за квалитетна изработка и примена на ИОП за сите ученици со тешкотии, односно ученици со пречки во развој, кои се вклучени во редовни паралелки;**
- **Да се подобри планирање на долнителната настава во однос на индивидуализирање на целите кон потребите на учениците;**
- **Да се донесат соодветни програми за работа со телентираните;**
- **Да се интегрираат општи – меѓупредметните цели во значително поголема мера со цел да се афирмира воспитната компонента во наставните програми;**
- **Да се планира и програмира работа на поголем број секции според интересите и желбите на учениците;**
- **Да се активира веб-страната и да се издава електронски весник за континуирана промоција на активностите во училиштето;**
- **Да се донесе правилник со јасно утврдени процедури за промоција на постигнувањата на учениците.**

### 2. Постигања на учениците

- **Да се подобри соработката со родителите на учениците;**

- Да се изврши објективизација на оценувањето на постигањата на учениците во склад со стандардите за оценување пропишани во програмските документи;
- Да се организираат форми на настава како дополнителна настава по завршување на наставната година со учениците кои не ги достигнаа минимум стандардите по одделни предмети;
- Да се врши едукација на наставниот кадар за објективно оценување и користење на современа информатичка и друга технологија во наставата, за работа со талентирани ученици и работа со децата со посебни образовни потреби;
- Да се обезбеди информатичка опрема: лаптопи, проектори, смарт табли;
- Да се врати кабинетска настава;
- Да се организираат поголем број секции, со поголема опфатеност на ученците со воннаставните активности, да се мотивира наставниот кадар за организација на секциите;
- Да се врши континуирано следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус;
- Да се врши промоција на постигањата на учениците за лична афирмација и афирмација на училиштето - медиумско преставување на најдобрите ученици;
- Училиштето поинтезивно да се вклучува во национални и меѓународни проекти.

## 3. Учење и настава

- Наставните часови редовно да се следат (секој наставник најмалку два пати во годината);
- Да се воспоставува култура на размена на позитивни искуства од реализација на наставата;
- Со цел учениците и родителите да бидат точно и навремено информирани за терминот и содржините на писменото проверување, доследно да се применува донесениот правилник за писмено проверување и да се зголемат контролите во врска со тоа;
- Да се обнови техничката опрема и целокупната образовна технологија во училиштето;
- Да се вклучува наставниот кадар во најразновидни обуки поврзани со наставата и учењето на меѓународно ниво, сè со цел унапредување и усовршување на наставно-образовниот процес во нашето училиште и размена на искуства.

## 4. Поддршка на учениците

- Да се врати во употреба училишната кујна и да се организира исхрана на учениците според нормативи и стандарди за здрава исхрана;
- Да се набави опрема за реализирање на настава со ученици со ПОП: мултифункционално игралиште за ученици со посебни потреби, опрема за

Центарот за поддршка за учениците со посебни потреби (соодветни нагледни средства и асистивна технологија);

- Да се реализираат работилници за едукација и сензибилизација на типичните ученици за прифаќање ученици со ПОП и намалување на стреотипии и предрасуди;
- Да се реализира дополнителна настава и слободни ученички активности (секции) според потребите на учениците;
- Да се прошират просторни капацитети во малите училници за реализација на наставата.

## 5. Училишна клима и односи во училиштето

- Да се изготви Правилник за наградување и изрекување педагошки мерки на учениците;
- Да се подобри соработката со деловната заедница и со невладиниот сектор како училиштето би се вклучило во различни проекти;
- Да се организираат обуки со наставниот кадар и стручните соработници за поефикасна имплементација на законските обврски за работа со надарени ученици и за работа со деца со инклузија;
- Да се унапредат и професионилизираат индивидуалните средби со родителите со воведување на соодветни правила и процедури.

## 6. Ресурси

- Да се зголеми просторот во малите училници во одделенска настава;
- Да се организира кабинетска настава ;
- Да се реши затоплувањето на сите простории во училиштето;
- Да се санира училишниот двор;
- Да се доопремат училниците со дополнителни нагледни средства и фиксни ЛЦД-проектори;
- Да се стави во употреба училишната кујна;
- Да се стави во активна употреба сензорната соба;
- Да се активира работењето на библиотека.

## 7. Управување, раководење и креирање политика

- Да се изврши усогласување на сите интерни акти со актуелниот Закон за основно образование од 5. 8. 2019 год. и други правни акти;
- Да се донесе нов Развоен план според пропишани стручни и демократски процедури и критеруими дефинирани во званични препораки. Во дефинирање на целите и визијата во Развојниот план да се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Развојниот план и други акти да се достапни до сите наставници, стручни соработници, родители, заедницата во печатена или електронска форма;
- Да се подобри транспарентност, комуникација и проток на информациите во сите сегменти и на сите нивоа од работата на училиштето;

- **Да се подобри процесот на стручно усовршување на кадарот;**
- **Во училиштето да постои утврден систем за десиминација и континуирано следење на примената на стекнатото знаење од усовршувањето;**
- **Менаџерски тим да ги искорости капацитетите на училиштето за финансиски средства за потребите на училишето.**

**ЗАКЛУЧОК:**

При изготвување на Развојниот план за работа на училиштето за период од 2022 до 2026 година, при формулирање на целите и визијата за развој на училиштето, ќе се имаат предвид следните приоритетни потреби произлезени од самоевалуацијата:

1. **Квалитено, ефикасно и продуктивно стручно усовршување на наставниот кадар што подразбира:**
   - **утврдување на постапки и процедури за утврдување на реалните потреби на воспитно-образовниот кадар за обуки**
   - **обуки за планирање на наставата, инклузивно образование, објективно оценување, мотивација на учениците и др.**
   - **обуки на различни нивоа: интерни (училишни), организирани од лиценцирани провајдери, организирани од БРО и МОН на национално ниво, меѓународни и др.**
   - **Задолжителна дисеминација на стекнатите знаења, информации, вештини на едуцирани наставници и стручни соработници преку стручни активи или наставнички совет.**

2. **Квалитетна имплементација на индивидуалните образовни програми (ИОП) за ученици со тешкотии во совладување на наставните програми;**

3. **Поквалитетна организација на додатната и дополнителната настава според актуелниот Правилник донесен од МОН;**

4. **Да се афирмира воспитната функција на училиштето;**

5. **Да се подигне организација на секциите во училиштето на повисоко ниво согласно потребите на учениците;**

6. **Оценувањето на учениците да се објективизира, да се усогласи со стандардите за оценување според БРО;**

7. **Во подрачје на клима и култура во училиштето:**
   - **да се подобри трнаспарентност, односно проток на информации помеѓу сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес во училиштето**

- **да се професионализира комуникација со родителите**
- **да се промовира култура на говорот**
- **да се реактивира веб страната на училиштето, да се објавува електронски весник најмалку еднаш месечно;**

8. **Да се усогласат сите интерни законски и подзаконски акти (Статут, Куќен ред, Правилници, Кодекси на однесување, Систематизација на работните места, и др.) со измените во Законот за основно образование;**

9. **Да се врати кабинетски тип на настава во предметна настава;**

10. **Да се планираат инфраструктурни зафати: проширување на училничките капацитети во одделнска настава (зголемување на површините кај малите училници и прераспредлба на просторните капацитети), затоплување на училиштето (особено на фискултурната сала), реконструкција на училишниот двор и фасадата на училишната зграда, изградба на училници во природа, реконструкција на паркинг простор;**

11. **Училиштето да се опремува со современа образовна технологија, дидактичка опрема, асистивна технологија;**

12. **Да се обезбеди финасиска сигурност на училиштето преку максимално искористување на сите расположиви можности на училиштето за обезбедување финансиски средства за потребите на училишето.**

**Извештајот на самоевалуацијата на училиштето за период 2019/2020 до 2021/2022 година Комисијата за спроведување на самоеалуацијата го достави до директорот на училиштето, Училишниот одбор и основачот на 2022 год.**

Подготвила:
Славица Илиќ, педагог

Комисија за спроведување
на самоевалуација